РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3177/1
27.08 2020 год.
ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),

Градоначалникот на Општина Велес, на ден 27.08.2020 година донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Изработка на Детален урбанистички план за КП 16955/2 и КП 16956 КО Велес, Општина Велес, со намена намена на земјиштето Г – Производство, дистрибуција и сервиси,Е – Инфраструктура, а со основна класа на намена: Г2 – лесна и незагадувачка индустрија и Е2 - комунална супраструктура, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15 и 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како засегнати органи од имплементација на планскиот документ, Детален урбанистички план за Г – Производство, дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура, Општина Велес КП 16955/2 и КП 16956 КО Велес, Општина Велес, се определуваат следниве: Општина Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски.
3. Изработката на планскиот документ Детален урбанистички план за Г – Производство, дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура, Општина Велес КП 16955/2 и КП 16956 КО Велес, Општина Велес, ќе има влијаније врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание по однос на генерирање на отпад, влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
6. Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област од локално значење. Со изработка на Детален урбанистички план за Г – Производство, дистрибуција и сервиси и Е – Инфраструктура, Општина Велес КП 16955/2 и КП 16956 КО Велес, Општина Велес треба да се овозможат услови за изградба или реконструкција на објекти, кој ќе овозможи позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со донесување на ДУП се создаваат услови за урбанизација, развој и напредок на населените места.
7. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски